Агенцијата за вработување (АВРМ) за проектот финансиран од ЕУ „Поддршка за вработување на млади”, објавува:

## ПОКАНА ЗА ТЕНДЕР

### за организирање и спроведување на обуки за подготовка за вработување и вештини за барање работа на млади невработени лица во рамки на компонента Д „Обука за подготовка за вработување и вештини за барање работа “

Агенцијата за вработување (АВРМ) ќе додели договор за услуги за **Организирање и имплементирање на “Обука за подготовка за вработување и вештини за барање работа” на целата територија на државата.**

Овој Јавен оглас претставува покана до понудувач/и заинтересирани да поднесат понуда за спроведување на обуки за:

**Наслов “Компонента Д – Обука за подготовка за вработување и вештини за барање работа “**

Обуките ќе бидат организирани за 1.400 млади невработени лица на возраст до 29 години, со завршено најмалку средно образование, регистрирани како активни баратели на работа во АВРМ. Точниот број на учесници во обуките во секој град ќе зависи од интересот на невработените лица за учество во овие обуки.

**Процедура и рок за аплицирање:**

Комплетното тендерско досие во електронска форма е достапно само со пополнување на формулар за апликација кој може да се најде на следните веб страни:

- Агенција за вработување (АВРМ): www.avrm.gov.mk;
- Министерство за труд и социјална политика (МТСП): www.mtsp.gov.mk.

Сите правни субјекти (тренинг провајдери) заинтересирани за учество во овој тендер се поканети да поднесат тендерско досие и сите други документи барани во него.
Документите за тендерот мора да бидат испратени на следнава адреса, која што е дадена и во Инструкциите до понудувачите:

**Агенција за вработување (АВРМ)**
**Адреса: ул. „Васил Ѓоргов“ бр. 43, 1000 Скопје**

**Рокот за поднесување на понудите е Понеделник 22.05.2017 до 16:30 часот**.

Тендерот и сите документи барани во тендерското досие мора да бидат поднесени со користење на систем со двоен коверт, односно надворешниот пакет или коверт да содржи два затворени коверти (еден за техничка понуда и еден за финансиска понуда) со следниот текст **"Supporting employment of young people "; „Ref.no 12-7741/1-6.5“ и “Not to be opened before the tender opening session” / „Да не се отвора пред сесијата на отворање на понудите”,** на надворешниот дел од ковертот.

**Некомплетните и ненавремени документи добиени по рокот нема да бидат земени во предвид.**

Проектот **„Поддршка за вработување на млади”** е финансиран од страна на ЕУ во рамките на Оперативната програма за Развој на човечки ресурси 2007 – 2013 (ИПА Компонента IV). Активностите предвидени со овој проект ќе придонесат за постигнување на целите од Оперативниот План за активни мерки на пазарот на трудот за 2017 година.